# Животот на Илија

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

**Оригинален текст:** Рут Оверхолцер
**Адаптиран за Европа:** Крис и Џенифер Хаијер

Copyright © 2003 Child Evangelism Fellowship Inc.
Преведено со дозвола. Сите права придржани.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Содржина

Вовед .......... 3

Прва лекција .......... 4
Чудесната вест на Илија

Втора лекција .......... 8
Борбата на Илија против лажниот бог

Трета лекција .......... 12
Илија бега од царицата Језавела

Четврта лекција .......... 16
Илија и лозјето на Навутеј

Петта лекција .......... 20
Илија оди на небото

Шеста лекција .......... 24
Илија разговара со Господ Исус

## Вовед

Името "Илија" значи "Јахве е Бог". Тој беше Тезбит. Тезба е во истата област на Гилеад каде што е и потокот Керит, на источната страна на Јордан, северно од реката Јабук. *(Можеби ќе биде добро ако на децата им покажеш на карта.)* Неговото служење траело околу 28 години *(од 924 до 896 година пред нашата ера)* за време на владеењето на Ахав и Ахазија во Израел *(а Јехосафат во Јуда)*. Тој им сведочел на луѓе во Израел за живиот и вистински Бог.

Додека ги поучуваш овие лекции осигурај се дека нема толку да се впуштиш во расказот што ќе ги заборавиш библиските вистини кои треба да ги поучуваш. Постави си за цел по секоја лекција темелно да ја поучуваш централната вистина. Добра идеја е да ја запишеш централната вистина на парче картон или хартија и да ја поставиш врз фланелографот. Ова ќе им помогне на децата да ја запомнат. На почетокот на секоја лекција се дава кус преглед на самата лекција. Во тој преглед е означено каде ќе се поучува централната вистина ***(ЦВ)*** во лекцијата и каде е таа применета. ***Н*** - значи примена за неспасените деца; ***С*** - значи примена за спасените деца.

Пожелно е да се вежба користењето на визуелните помагала и менувањето на сцените пред да се поучува лекцијата пред децата. Ако имаш заднини за секоја сцена тоа многу ќе ти помогне, но не се неопходни. Оваа серија може да се поучува на заднина која изгледа како отворена Библија, или, пак, на едноставна заднина.

Можеби и децата имаат прашања или проблеми во однос на духовната сфера, кои ќе се појават како резултат на она што го научиле во текот на овие лекции. Некаде во текот на програмата кажи им, накусо и јасно, дека ти си достапен да им помогнеш, а и кажи им каде да те најдат на крајот на состанокот. Ова е вклучено во три од лекциите во оваа серија.

# Прва лекција
## Чудесната вест на Илија

**Библиски текст:** 1 Кн. Царства 17:1-16

**Централна вистина:** Бог може да направи големи нешта.

**Примени:** ***За неспасените деца:*** Поверувај му дека Тој ќе го направи најголемото дело - спасението во твојот живот.

***За спасените деца:*** Кога е тешко, довери му се да направи големи нешта за тебе.

**Почеток:** Запознај го најлошиот цар што го имал Израел кога и да било.

**Развој на настаните:**

Илија ја пренесува божјата порака - ЦВ

Бог го испраќа Илија кај потокот Керит

Илија пие вода кај изворот

Илија го хранат гавраните - ЦВН

Бог му кажува на Илија: "Оди во Сарепта."

Илија послушува - ЦВС

Илија се среќава со вдовицата.

**Кулминација:** Бог направи чудо со маслото и брашното - ЦВС

**Заклучок:** Царот Ахав продолжува да го брка Илија - ЦВН

**Стих за учење напамет:** "Твоја е, Господи, величината, силата, славата, сјајот и величеството, зашто е Твое сè што е на небото и на земјата" *(1 Кн. Летописи 29:11).*

### Сцена 1

Веста која Илија му ја пренесе на царот Ахав.



*(Постави ги фигурите 1, 2 и 3 врз таблата кога ќе се спомнат во текстот.)*

Запознајте го најлошиот цар што го имал Израел кога и да било *(2)*. Неготово име е цар Ахав. Тој бил оженет со една жена *(3)* наречена Језавела, која била од една земја каде што не го славеле Господ, туку славеле бог направаен од камен, наречен Ваал. Ахав не ја поучувал Језавела за единствениот вистински бог. Тој дури ѝ дозволил во Израел да започне да го слави Ваал. Многу Израелци се свртувале од Господ Бог и почнувале да му се поклонуваат на овој бог од камен.

Зарем Бог ќе дозволи неговиот народ да се одврати од него и да му служи на еден бог од камен? Не! Дали тој ќе рече: "Колку ми е жал, но не можам да сторам ништо за тоа"? Не! Во тој момент човекот кој зборувал за Бог веќе се качувал по мермерните скали во палатата *(1)*. Тој влегол во присуство на царот и остро изјавил:

"Да е жив Господ Бог на Израел, кому му служам, ќе нема ниту роса ниту дожд следните неколку години, сè додека јас не кажам да падне"! Кој бил овој човек? Името му било Илија. Тој дошол од едно мало планинско село. Тој не бил таков човек кого ти би очекувал да го видиш во палата! Но тој бил Божји гласник - Библијата го нарекува пророк.

Откако му кажал на царот што ќе се случи, си заминал од палатата. Божјата порака била: "Нема да врне, сè додека Илија не каже пак да заврне." Не бил Илија тој кој го сопрел дождот, тоа бил Бог. Ова било нешто што можел да го стори само Бог. Дали твоето семејство некогаш планирало да оди на излет, но заврнало и не сте можеле да одите? Сигурно си сакал да го сопреш дождот, но тоа било невозможно. Тоа не е невозможно за Бог. Тој може да направи големи нешта кои никој друг не може да ги стори. Тој го направил дождот, па затоа може да му заповеда кога тој треба да падне и кога треба да престане. Сега тој го запирал дождот за да ги казни овие луѓе кои се свртеле кон друг бог кој не бил вистински Бог! Од тој момент веќе не паднал дожд. Се разбира, тоа значело дека посевите ќе умрат и наскоро ќе нема веќе многу храна.

Царот Ахав и царицата Језавела сакале да го убијат Илија. Што мислите дека сега ќе се случи со Илија? *(Остави време за одговор.)* Да, Бог го заштитил Илија и му кажал каде да оди за да се скрие: "Оди си одовде и скриј се крај потокот Керит."

Но имало уште еден проблем: што ќе јаде и што ќе пие Илија? Бог сакал да употреби посебни гласници кои ќе го хранат. Кои биле тие? Птици! Птици? Да, Бог рече: "Им заповедав на гавраните да те хранат, а ти ќе можеш да пиеш од потокот."

**Сцена 2**

Илија го хранат гавраните



*(Постави ги фигурите 4 и 5 врз таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Илија веднаш го направил она што Господ му го заповедал *(4)*. Тој можел да се скрие кај потокот и да пие вода од малечкиот извор. Но наскоро многу огладнел. Флап, флап, флап - да, тоа бил звук од птичји крила *(5)*. Тоа биле големи црни птици кои ги викаме гаврани и кои летале кон него. Во клуновите носеле месо и леб за Илија. Нормално гавраните би го изеле секое месо што ќе го најдат. Овојпат, неверојатно, тие му го донесле нему. Се случило токму онака како што рекол Бог. Бог направил уште едно нешто кое никој друг не можел да го направи! Тој ги создал гавраните и Тој можел да им каже што да направат. Тој може да ги направи овие нешта затоа што има повеќе сила и моќ од кој и да било друг. Во Библијата пишува: "Твоја е, Господи, величината, силата, славата, сјајот и величеството, зашто е Твое сѐ што е на небото и на земјата" *(1 Кн. Летописи 29:11)*. Бог има моќ над сѐ и над сите; Тој создал сѐ па дури и гавраните. Библијата ни кажува за многу, многу големи нешта кои Тој ги направил. *(Ако твоите деца имаат некакво библиско познавање, натерај ги да ти кажат некои од овие нешта.)*

Најголемото нешто што Тој го направил е спасението на грешните. Ти и јас и сите луѓе во светот сме Му биле непослушни на Бог. Помисли на себеси. Дали понекогаш си се развикал на некого? Можеби твојот брат не ти дозволил да си играш со неговото електрично вовче. Ти многу си се налутил и си му се развикал. Дури си му рекол: "Те мразам." Тоа не му е угодно на Бог; тоа е грев. Можеби твоите родители ти кажале никогаш да не го возиш велосипедот по главната улица. Тие не го знаат тоа, но ти си возел, а и тоа е грев. Бог заповедал: "Почитувај ги татко ти и мајка ти" *(Излез 20:12)*. Тоа значи дека, кога си непослушен на твоите родители ти грешиш против Бог. Да, твојот живот е полн со грев. Гревот кој сме го направиле нѐ одвојува од Бог и значи дека никогаш не можеме да бидеме таму каде што е Тој. Ова е голем проблем. Можеби ќе се обидеш да го решиш со тоа што ќе бидеш добар, што ќе изговараш молитви, што ќе одиш в црква. Но овие нешта не го решаваат проблемот - ти сѐ уште имаш грев во твојот живот кој те одвојува од Бог. Мудрите луѓе, религиозните луѓе, или пак славните луѓе, не можат да го решат овој голем проблем. Но Бог може да прави нешта кои другите не можат да ги направат. Ниту еден проблем не е премногу голем за Него, ниту пак овој проблем со гревот! Тој го даде Својот единствен Син, Исус Христос, да умре на крстот и да биде казнет за гревот. Исус Христос беше казнет од Бог за гревовите на светот. Бог Го воскресна од мртвите и со тоа покажа дека Христовата смрт навистина го реши проблемот на гревот. Ако ти Му се довериш на Господ Исус Тој да го земе твојот грев, Тој ќе го стори тоа за тебе и ти ќе бидеш оправдан пред Бога. Библијата вели: "Спасението е од Господ" *(Јона 2:9)*. Само Бог може да спаси, и Тој може да го направи ова прекрасно дело во твојот живот. Колку е Тој прекрасен! И Илија го открил тоа. Секое утро и секоја вечер доаѓале гавраните и му носеле храна испратена од нивниот Создател, Бог. Секој ден Илија пиел од малиот извор. Секој ден Бог го чувал на сигурно! Што мислиш, каква лекција требало да научи Илија? *(Дозволи им на децата да одговорат - на пример, дека Бог е семоќен, или пак верен, или пак дека Тој ни го дава сето она што ни е потребно.)*

Поминало време. Имало сѐ помалку и помалку вода во потокот. Уште малку да пресуши. Зарем Илија ќе умре од жед? Не, Бог се грижел за него. Богот на Илија можел да направи големи нешта за да биде сигурен дека неговиот слуга нема да умре. Бог му кажал на Илија да отиде во градот Сарепта, кој не бил дел од Израел. "И заповедав таму на една вдовица да те храни," му рекол Бог на Илија. Илија тргнал кон Сарепта, тој знаел дека Бог ќе се грижи за него! Момчиња и девојчиња христијани, запомнете дека Бог може да направи големи нешта за своите чеда. Можеш да му веруваш Тој да се грижи за тебе, дури и тогаш кога се случуваат тешки нешта. Знам за едно девојче кое поверува во Господ Исус и, се разбира, нејзиниот живот се промени. *(Ова е вистинска случка.)* Нејзината мајка сакаше таа да оди во диско, но девојчето не беше среќно со тоа. Таа сметаше дека тоа диско не е место каде што Господ Исус сакаше таа да биде. Но нејзината мајка ја убедуваше: "Мораш да одиш." Затоа таа ја послуша мајка ѝ. Погодете што се случи! Кога мајка ѝ ја качи во колата за да ја однесе во диското, не една, туку две гуми на автомобилот се дупнаа! Тие не стигнаа до диското - Бог направи големо нешто за тоа христијанско девојче. Запомни, кога имаш проблем или тешкотија, не е премногу тешко за Бог. Поверувај му Тој да го реши проблемот. Тој може да направи големи нешта за тебе, исто како што ги правеше за Илија.

## Сцена 3

Вдовицата го храни Илија



*(Постави ги фигурите 1, 6 и 7 врз таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Тоа било долго тешко патување од околу 160 километри до Сарепта *(1)*. Илија требало да оди пеш; морал да патува тајно, затоа што царот сè уште го барал. Но Бог го зачувал. Кога пророкот стигнал до вратата на градот, видел една жена како собира дрва за да запали оган *(6, 7)*. Тој ѝ викнал: "Те молам, донеси ми да пијам!" Жената се завртела да оди и да му донесе вода. Кога таа тргнала тој додал: "Донеси ми и парче леб, те молам."

Жената му одговорила: "Да е жив Господ, твојот Бог, јас немам леб дома. Имам само една рака брашно и малку маслиново масло. Токму сега излегов да соберам неколку дрвца за да запалам оган и да испечам леб за мене и за мојот син. Откако ќе го изедеме тоа, веќе ќе немаме ништо друго и тогаш ќе умреме."

Илија ѝ одговорил: "Немој да се плашиш, вака вели Господ Бог на Израел. Садот со брашно нема да се испразни и врчвата со маслиново масло нема да се исуши сè до оној ден додека Господ не даде пак дожд."

Вдовицата испекла леб. Му дала малку на Илија, малку на нејзиниот син и малку за неа. Лебот бргу го изеле и требало да испече пак. Дали ќе има брашно и масло? Замислете си ја како оди до садот и полека го превртува? Тој не е празен! Истура малку масло погледнува во врчвата и таму има доволно масло и брашно да меси пак леб. Колкаво чудо! Кога повторно отишла да го направи истото, повторно нашла масло и брашно! Зошто се случило ова? Ова било нешто што можел да го направи само Бог и Тој го направил за да се грижи за Илија, за вдовицата и за нејзиниот син. Бог сè уште прави големи нешта кога се грижи за Своите чеда. Ако го љубиш Господ Исус Христос, запомни дека Бог е истиот и денес. Тој можеби нема да го направи сосема истото нешто за тебе што го направил за Илија, но Тој може да направи големи нешта и за тебе. Имаш ли проблем кој е премногу голем за тебе - кажи му на Бог за него. Кога си во опасност, поверувај Бог да те чува. Можеби ти си единствениот христијанин во твоето семејство и сакаш твоите мајка, татко и браќа, да поверуваат во Господ исто така. Побарај од Бог да направи големи нешта. Тој можеби нема да го направи точно она што ти го бараш. Можеби нема да го направи во истиот момент. Но тој сè уште е семоќниот Бог, кој може да прави нешта кои никој друг не може да ги стори. "За Бог нема ништо невозможно" *(Матеј 19:26)*. Затоа Илија бил сигурен, зашто имало кој да се грижи за него.

Но што станало со царот Ахав? Да било по негово, работите ќе се одвивале поинаку. Тој не сакал да признае дека Господ Бог е оној кој го испраќа дождот и го запира. Царот, царицата и луѓето сè уште продолжиле по нивните грешни патишта, и покрај големите нешта што Бог ги направил. Денес ти слушна за некои од нив. Можеш ли да се сетиш кои се најголемите нешта што Бог ги направил? *(Дозволи им на децата да одговорат.)* "Спасението е од Господа" *(Јона 2:19)*. Да спасиш момче или девојче од грев е нешто кое може да го направи само Бог. Дали Бог те спасил тебе од твојот грев? Ако никогаш не си поверувал во Господ Исус за да те оправда со Бог, те молам немој да мислиш дека ова е нешто што можеш да го направиш за тебе. Не можеш. Мора да поверуваш во Господ Исус Христос. Направи го тоа денес. Кажи му во твоето срце дека ти е жал што си бил лош, благодари му на Господ Исус што беше казнет за твојот грев, побарај од него да те спаси од гревот. Ако го сториш тоа сега, уште овој момент Бог ќе те оправда пред Него. Колку е тоа прекрасно! Само Бог може да го стори тоа и Тој може да го стори за тебе, затоа што Бог може да направи големи нешта.

**Прашања за повторување од првата лекција**

1. Како се викале лошиот цар и царица кои Бог ги предупредил преку Илија? *(Ахав и Језавела.)*
2. Зошто Бог не дозволил да врне дожд три и половина години? *(Затоа што Израелците се свртеле од вистинскиот Бог и почнале да го слават Ваал.)*
3. Како Бог овозможил на почетокот Илија да *има вода и храна? (Бог му кажал да отиде кај потокот Керит и им наредил на гавраните да го хранат таму.)*
4. Кое е најголемото нешто кое Бог го прави? *(Тој спасува грешници.)*
5. Кого го подготвил Бог да се грижи за Илија кога пресушил потокот? *(Вдовицата од Сарепта.)*
6. Што треба да направиме ние како христијани кога ќе се најдеме себеси во тешка ситуација, како девојката која требала да оди во диско? *(Да му веруваме на Бог и да му бидеме послушни.)*

7. Што правела жената кога Илија пристигнал на вратите од градот и што му кажал Бог да ѝ проговори? *(Таа собирала дрва за да запали оган и да го испече нејзиниот последен леб.)*
8. Какво јадење ѝ било останало на жената? *(Една рака брашно во садот и малку маслиново масло во врчвата.)*
9. Кое било Божјото ветување на жената, ако се согласи да го храни Илија? *(Садот со брашно нема да се испразни и врчвата со масло нема да се исуши сè до оној ден додека Господ пак не даде дожд.)*
10. Можеш ли да го кажеш стихот кој го научивме напамет и кој ни помага да се потсетиме колку е велик нашиот Бог? *(Напамет кажи го 1 Кн. Летописи 29:11.)*

# Втора лекција

## Борбата на Илија против лажниот бог

Бо

**Библиски текст:** 1 Кн. Царства 18:1, 2, 17 - 46

**Централна вистина:** Господ е единствениот вистински Бог.

**Примена:** ***За неспасените деца:*** следи го
***За спасените деца:*** биди му секогаш послушен

**Почеток:** "Каде ли може да биде?" - ЦВ
Развој на настаните: Илија, по Божја заповед, си заминува од Сарепта - ЦВС
Илија и Ахав се сретнуваат
Илија ги собира "свештениците" на царот и луѓето на Кармел.

**Илија изјавува:** "Ако Господ е Бог следете го Него" - ЦВН
Илија продолжува да зборува и дава заповеди - ЦВС
Свештениците на Ваал го повикуваат својот бог
Нем одговор - ЦВ
Илија го подготвува олтарот и се моли
Одеднаш од небото паѓа оган

**Кулминација:** луѓето викаат: "Господ, тој е Бог!" - ЦВН
Илија ги убива свештениците на Ваал
Илија се моли за дожд

**Заклучок:** се појавуваат темни облаци
Почнува да врне - ЦВС/ЦВН

**Стих за учење напамет:** Повторете го стихот од минатата седмица. *(Ако оваа лекција ја користиш како индивидуална лекција, ти го предлагаме следниот стих за напамет: "Јас Сум првиот и Јас Сум последниот: нема Бог освен мене" Исаија 44:6.)*

### Сцена 1

Илија е зачуван на сигурно



*(Постави ги фигурите 1, 6 и 7 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

"Каде ли може да биде?" Времето минувало, но луѓето кои ги беше испратил царот Ахав не можеле да го пронајдат Илија. Царот ги испратил на секое можно место каде што тој би можел да се скрие, но никаде не можеле да го најдат Илија. Каде бил тој? Можете ли да се сетите? Да, тој бил во Сарепта, кај една вдовица и нејзиниот син *(1, 6, 7).* Поминале три години и секој ден тие јаделе леб месен од брашно и масло кои никогаш не завршиле. Сето тоа време Бог сакал да се осигури дека Илија нема да биде откриен.

Земјата се исушила и испукала. Веќе немало зелена трева. Сите извори пресушиле и веќе немало вода за добитокот кој умирал. Дури и луѓето биле жедни и гладни. А злиот, лут цар мислел дека само ако го најде Илија и го убие, сè ќе биде пак во ред! Но Ахав погрешил, Господ Бог го запрел дождот. Библијата ни вели дека Тој е Оној Кој го создал дождот и Тој го контролира. Тој го создал сонцето, месечината, цвеќињата, дрвјата, морињата, ветрот - сè и Тој сите ги контролира. Многу одамна некои луѓе верувале дека има бог кој е одговорен за морињата, друг бог одговорен за жетвата, трет одговорен за семејствата. Па дури и денес луѓето веруваат дека има различни богови. Но Библијата ни кажува дека има само еден Бог - Бог за кого ние читаме во Библијата. Тој вели: "Јас Сум првиот и Јас Сум последниот: освен Мене нема бог" *(Исаија 44:6).* Царот Ахав требало да го знае тоа, но како и многу други во Израел, тој верувал во лажниот бог Ваал. Тој го мразел човекот кој зборувал за Бог, за вистинскиот Бог. Тој го барал за да го убие.

Во тишината на домот во Сарепта Господ проговорил: "Оди, покажи му се на Ахав. Јас ќе испратам дожд на земјата."

**Сцена 2**
Илија и царот Ахав се среќаваат



*(Постави ги фигурите 1 и 2 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

И така Илија пак отишол во земјата на Израел. Зарем тоа не било многу опасно? Да! Но Илија знаел дека Господ е единствениот Бог, дека Тој е Бог над сѐ. Илија знаел дека Бог го има секое право да му каже што да прави. Илија знаел дека, бидејќи Господ е единствениот Бог, семоќниот Бог, тој мора да послуша. Се разбира, тој знаел, исто така, дека овој Бог, единствениот Бог ќе се грижи за него! Момче и девојче христијани, вие и јас не смееме исто така да заборавиме. Бог е единствениот Бог, Тој е Господ над сѐ. Тој е многу велик, ние сме многу мали. Ние мора да сме му послушни кога Тој ни кажува да направиме нешто. Не смееме да си бараме изговори. Бог ни вели да им помогнеме на оние кои имаат потреби; затоа ако има некој во твојот клас на училиште кој е многу срамежлив, ти можеш да му бидеш пријател и да му помогнеш да се запознае со другите. Бог ти заповеда да им бидеш послушен на твоите родители, затоа немој да се преправаш дека не ја слушаш мајка ти кога ќе ти каже да го угасиш телевизорот. Господ, единствениот Бог, ти вели: "Не посакувај туѓо" - така што кога ќе се чувствуваш љубоморен поради играчките на некој друг кажи му на Бог за тие љубоморни мисли, побарај од Него да ти прости и да ти помогне да не те мачат тие мисли понатаму. Мора да Му бидеш послушен како што Му бил Илија. Тој отшол да се сретне со царот Ахав *(1, 2)*. Штом Ахав го видел Илија го запрашал: "Ти ли си оној кој го мачи Израел?"

Илија не се уплашил од царот. Тој остро му одговорил: "Јас не го мачам Израел. Ти го направи тоа, ти и семејството на твојот татко. Ти се отстрани од Божјите заповеди и го следиш Ваал. Сега, собери ги сите луѓе од Израел на планината Кармел. Донеси ги пророците на Ваал, сите 450 и другите 400 пророци на Ашера." *(Таа беше божица.)*

Лошиот цар го направил точно она што му го рекол Илија. Царот не се обидел да го убие Илија. Наместо тоа, ги послушал наредбите на пророкот. Зошто? Затоа што Бог е Господ над сѐ. Тој е единствениот Бог кој постои. Тој може да ги употреби дури и лошите луѓе да го извршат Неговиот план!

**Сцена 3**
Натпреварот на планината Кармел



*(Постави ги фигурите 1, 2 и 8 - 14 врз таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Полека, полека, осамениот Илија се искачил на планината *(1)*. По планината се качувале и Израелците - илјадници од нив *(11)*. По планината се качувале пророците на лажните богови - стотици од нив *(9 и 10)*. По планината се качувал и царот Ахав *(2)*. Што требало тој ден да се случи на планината Кармел? Требало да има натпревар за да се види кој навистина е вистинскиот бог - Ваал или пак Богот на Илија.

Илија храбро застанал пред луѓето. Неговиот глас ечел: "До кога нема да сакате да се решите? Ако Господ е Бог, следете го Него, но ако е Ваал следете го него!" Никој не изустил ниту збор. Веројатно затоа зашто знаеле дека се беа одвратиле од Господ Бог за да го следат Ваал, а немале причина да го сторат тоа. Бог денеска овде им вели на сите: "Ако Господ е Бог следи го." Тој е единствениот вистински жив Бог. Бог е Господ на сѐ. Тој треба да го има првото место во твојот живот. Дали ти живееш за себеси, а не за Бог? Ти не сакаш да ја поделиш твојата чоколада со твоите пријатели. Ти се лутиш кога мајка ти не ти дозволува да го направиш она што го сакаш. Се расправаш за тоа кога да си легнеш - сакаш да останеш подоцна. Ти си личност која вели: "јас и никој друг". Тоа е непослушност спрема Бог, тоа е грев, затоа што неговата заповед е дека Тој треба да биде прв во твојот живот. Ти се однесуваш многу неразумно. Господ е Бог, следи го. Што значи да го следиш Бог? Прво, тоа значи дека ти си оправдан пред Него - дека сиот твој грев е отстранет. Исус Христос може да те оправда пред Бог, затоа што Тој умре "да го отстрани гревот со тоа што ќе се жртвува Себеси" *(Евреите 9:26)*. Да Го следиш Бог значи

дека ќе се одвратиш од нештата за кои знаеш дека не му се угодни на Бог и дека ќе му се довериш на Исус Христос да те оправда пред Бог. Тогаш со Божја помош секој ден ќе се обидуваш да живееш на начин што ќе го задоволи. Од тој ден Бог ќе биде прв во твојот живот. Бог вели: "Ако Господ е Бог, следи го." Дали и ти си како овие луѓе? И ти не можеш да кажеш ништо. Не си го следел Бог, и сега си засрамен исто како што биле и тие.

Илија продолжил да зборува: "Јас сум единствениот Божји пророк. Овде има 450 пророци на Ваал." Ова баш и не бил чесен натпревар, нели? Но што ја направило разликата? *(Дозволи им на децата да одговорат.)* Да, Бог бил со Илија. Тоа било подобро отколку да се имаат илјада луѓе! Христијанско момче и девојче, запомни дека следниот пат кога ќе ти се чини дека ти си единствениот во твоето семејство или во твојот клас кој верува во Бог, единствениот, вистинскиот Бог е со тебе и тоа е најдоброто од сè. Можеш ли да се сетиш на некои ситуации кога ова би можело да ти помогне? *(Дозволи им на децата да одговорат.)* Следниве неколку предлози можат да ти помогнат:

Треба да изведеме драма во која се употребуваат лоши зборови. Ти не сакаш да ги кажеш тие зборови. На никој друг не му е грижа. Ти ќе останеш кај учителот и ќе му кажеш дека не сакаш да го направиш тоа.

Твоите браќа сакаат да им се придружиш за да се пошегуваат на лош начина со старата жена која ви е сосетка. Ти си најмалиот во семејството и тешко ти е да кажеш дека нема да им се приклучиш. Ако си христијанин, единствениот вистински и жив Бог ќе биде со тебе, исто како што беше и со Илија.

Сега Божјиот пророк даде некои упатства. "Земете вол и исечете го на парчиња. Ставете го врз дрвата но немојте да ги запалите" - им кажа на следбениците на Ваал. "Јас ќе го подготвам другиот бик" - продолжи тој. "И јас ќе го ставам врз дрвата и нема да ги запалам дрвата" *(фигурата 13 е потсечена меѓу олтарот и ровот, за да може ровот подоцна да го поставите.)* "Пророците на Ваал нека ги повикаат нивните богови, јас ќе го повикам името на Господ. Оној бог кој ќе испрати оган врз жртвата - тој е бог!" Луѓето одговориле: "Да, така треба! Ајде да го направиме тоа!"

Пророците на Ваал го земале животното и го подготвиле. Имало големо возбудување. Почнале да викаат и да бараат од Ваал да испрати оган. "О Ваал, слушни нè! О Ваал, слушни нè!" - викале тие. Не се случило ништо. Почнале да трчаат околу олтарот, рипале врз олтарот, а тогаш почнале да се сечат со ножеви. Викале и се дереле: "Ох Ваал слушни нè! Ох Ваал слушни нè!" Но ништо не се случило, немало одговор, немало оган! Ова продолжило цело утро. Илија почнал да им се потсмева: "Викајте посилно! Можеби разговара со некој, или отишол на пат. Можеби спие па морате да го разбудите." Пророците на Ваал почнале да викаат уште повеќе, и почнале да се бодат со ножеви. Дојде и вечерта а сè уште немало одговор. Зошто? Ваал бил само бог направен од камен. Тој не бил живиот Бог. Тој не можел да слуша. Добро е да се запомни дека Бог за кој ние читаме во Библијата е единствениот вистински Бог. Можеби на училиште ќе слушнеш за други богови, можеби дури и ќе прочиташ за нив. Но запомни дека Бог вели: "Освен Мене нема Бог" *(Исаија 44:6).* Затоа немало оган.

Вечерта Илија рекол: "Приближете се до мене." Сите луѓе дошле колку што можеле поблиску до него *(движи ја фигурата 11 кон центарот).* Од 12 камења тој изградил олтар за Господ, кој бил срушен, и околу него направил еден јаз *(постави го јазот под олтарот).* Потоа ги наредил дрвата, ја исекол жртвата на парчиња и ја поставил врз дрвата. "Наполнете ги вашите садови со вода и излејте ги врз жртвата и врз дрвата", им рекол тој на луѓето. Кога тие го направиле ова тој пак рекол: "Направете го уште еднаш." Потоа рекол: "Направете го и третпат." Водата течела околу олтарот, натопила сè и го исполнила јазот.

Илија излегол напред и се помолил: "О Господе, Боже на Авраам, Исак и Израел, денес нека сите видат дека ти си Бог во Израел и дека јас сум твојот слуга и дека сè направив според твојата заповед. Одговори ми, о Господе, одговори ми, за овие луѓе да знаат дека ти, Господе, си Бог и дека ти сакаш да ги привлечеш назад нивните срца."



*(Постави ја сликата со оганот 14)*

Одеднаш оган од Господа паднал врз олтарот *(14).* Ја запалил жртвата, дрвата, камењата, огнот бил толку жежок што дури и водата во јазот се исушила!

Луѓето паднале на земја и почнале да викаат: "Господ, Тој е Бог! Господ, Тој е Бог!" Тие не можеле да кажат ништо друго! Бог го добил натпреварот. Тој покажал дека само Тој е Бог. Тој е единствениот, жив, вистински Бог. Дали го следиш? Се сеќаваш ли како можеш да го направиш тоа? *(Дозволи им на децата да го повторат она што порано си го поучувал.)* Ти мора да поверуваш во Исус Христос, Божјиот Син, кој

умре за гревот, за да те оправда пред Бог. Тогаш ќе почнеш да живееш на начин кој му е угоден на Бог. Бог ќе ти помогне да го сториш тоа. Тој ќе ти помогне да му бидеш послушен. Бог сака ти да започнеш да го следиш уште денес. Ако не си сигурен како да поверуваш во Христос и да почнеш да го следиш, можеш да дојдеш да разговараш со мене по состанокот *(одреди место каде што треба да одат децата)*. Ќе ми биде драго од Библијата да ти покажам како можеш да бидеш оправдан со Бог и да започнеш да го следиш. Многу е важно да го следиш. Тоа било важно и за овие луѓе.

Илија им рекол: "Фатете ги пророците на Ваал, не дозволувајте да избега ниту еден!" Луѓето ги фатиле и Илија ги убил сите.

Тогаш Илија се свртел кон царот Ахав и му рекол: "Оди, јади и пиј, зашто веќе слушам звук на силен дожд."

## Сцена 4

Илија се моли за дожд



*(Постави ги фигурите 15 и 16 врз таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Божјиот пророк се искачил на планината Кармел, клекнал на земјата и си го ставил лицето меѓу колената *(15)*. Тој се молел. Тогаш му кажал на својот слуга: "Оди и погледни кон морето." Слугата отишол и погледнал *(16)* "Таму нема ништо" - рекол тој. Уште шест пати Илија рекол: "Оди погледни пак!"

Седмиот пат слугата рекол: "Има еден облак малечок како човечка дланка кој се крева откај морето" *(овде можеш да додадеш малечок облак)*.

Илија му заповедал: "Оди, кажи му на Ахав: "Подготви си ја кочијата и побрзај дома пред дождот да те сопре." Уште пред да се врати слугата небото потемнело, почнал да дува ветар и да паѓа силен дожд. Кој го испрати? Бог! Единствениот вистински Бог кој е Бог над сè. Ништо не е надвор од неговата контрола. Нема друг вистински жив Бог. Момче и девојче христијани, запомнете го тоа. Само Тој е Бог, затоа мораш да му бидеш послушен. Кога никој друг не е, запомни дека Тој е со тебе и дека е тоа подобро отколку целиот клас да те поддржува.

Можеби ти знаеш дека не си христијанин? Илија им рекол на луѓето: "До кога ќе се двоумите?" Бог не сака ти да чекаш. Тој сака да го следиш од овој момент па натаму. Подготвен ли си да се одвратиш од погрешните нешта кои не се по Негова волја? Ќе му се довериш ли на Господ Исус да те оправда пред Бог? Ти можеш да му кажеш, во твоето срце, сега каде што седиш: "Господе Исусе, јас сум лош и грешен. Жал ми е за тоа. Ти благодарам што беше казнет за лошите нешта кои јас ги направив. Те молам, одземи го од мене мојот грев и оправдај ме пред Бог. Јас сакам да Го следам од сега па натаму."

**Прашања за повторување за втората лекција**

1. Во кој град го испратил Бог Илија за да се скрие од Ахав и Језавела? *(Сарепта).*
2. Кажи ми го името на лажниот бог кого мнозина од Израелците го славеле. *(Ваал).*
3. Зошто треба да му веруваме и да сме му послушни на Бог за кого зборува Библијата? *(Затоа што Тој е единствениот вистински Бог.)*
4. На која планина се соочил Илија со лажните пророци, и на која принесол жртва? *(Планината Кармел.)*
5. Што им кажал Илија на луѓето дека треба да направат, ако разбрале дека Господ е единствениот вистински Бог? *(Тој им кажал да го следат Него.)*
6. Со колку лажни пророци требало Илија да се соочи сам на планината Кармел? *(850).*
7. Кој е со нас да ни помогне кога го правиме она што Библијата вели дека е правилно? *(Бог).*
8. Што мора да правиме за да почнеме да го следиме Бог? *(Да се одвратиме од гревот и да поверуваме во Христос.)*
9. Како Бог покажал на планината Кармел дека Тој е вистинскиот и жив Бог? *(Тој ја изгорел жртвата па дури и олтарот што го направил Илија.)*
10. Колку пати требало слугата да отиде и да погледне кон морето, пред да го види Божјиот одговор на молитвата на Илија за дожд? *(7 пати.)*

# Трета лекција
## Илија бега од царицата Језавела

**Библиски текст:** 1 Кн. Царства 19:1-21

**Централна вистина:** Бог е стрплив

**Примена:** ***За неспасените деца:*** сврти се сега кон Бог, Тој те чека.
***За спасените деца:*** благодари му за неговата трпеливост и побарај од него да ти помогне и ти да бидеш трпелив со другите.

**Почеток:** "Дали ти како христијанин понекогаш сакаш да се откажеш од сè?"
Развој на настаните: Илија бега - ЦВ
Легнува под едно дрво и сака да умре.
Доаѓа ангел: "Стани и јади."
Илија јаде, спие и пак јаде - ЦВС
Илија патува до планината Хореб.
Бог прашува: "Што правиш овде?"
Илија одговара: "Јас сум единствениот пророк што остана."
Бог вели: "Качи се на планината." - ЦВС
Ветар, земјотрес, оган

**Кулминација:** еден тивок нежен глас - Бог му проговара на Илија - ЦВН
Бог му заповеда на Илија: "Врати се, ти не си единствениот пророк."

**Заклучок:** Илија ги послушал Божјите заповеди ЦВС - ЦВН

**Стих за учење напамет:** "Милостив и сочувствителен е Господ, бавен на гнев, полн со љубов." *(Псалм 145:8).*

**Сцена 1**
Језавела се заканува дека ќе го убие Илија



*(Постави ги фигурите 1, 3 и 17 на таблата кога тоа ќе биде спомнато во текстот.)*

Дали понекогаш како христијанин сакаш да се откажеш од сè? Можеби дури и си му рекол на Бог: "Господи, не можам да продолжам. Оној таму ми го загорчува животот затоа што сум христијанин. Нема смисла, да се обидувам да сведочам за тебе." Сите великани на верата, мажи и жени, имале моменти на обесхрабрување. И Илија исто така поминал низ еден период на обесхрабрување кога царицата Језавела *(3)* го испратила нејзиниот слуга *(17)* кај Илија со една страшна порака: "До утре во ова време ќе бидеш мртов!" Царот Ахав ѝ кажал сè што се случило на планината Кармел. Таа била многу, многу налутена и решила да го убие Илија. Језавела не знаела дека таа не може никогаш да му нанесе зло на Илија освен ако Господ Бог не го дозволи тоа. Но изгледа дека и Илија го заборавил тоа, бидејќи, кога ја примил пораката, се уплашил и побегнал од страв за својот живот *(отстрани ги фигурите 3 и 17 и постави ја 1)*. Тој заминал од градот набрзина и патувал на југ до земјата Јуда. Сепак, сè уште бил уплашен дека ќе го фатат, па затоа побрзал во пустината. Таму застанал; едноставно не можел да продолжи. Бил толку уморен - настаните на планината Кармел му одземале многу од неговата сила, исто како и ова долго патување. Тој бил многу, многу обесхрабрен. Се надевал дека луѓето ќе се свртат назад кон Господ Бог - но дали било тоа можно додека владееала царицата Језавела? Изгледало дека сè што направил било бескорисно. Кутриот Илија седнал под едно дрво. Се чувствувал осамен, обесхрабрен и уморен, па дури му изгледало дека веќе не е вредно и да се живее. "О Господи, дозволи ми да умрам" - побарал тој.

Што требало да направи Бог со Илија? Дали ќе му рече: "Илија, ти не си веќе мој слуга затоа што побегна од Језавела"? Не! Бог разбрал колку бил уморен и обесхрабрен Илија. Тој бил трпелив со Илија. Што значи зборот "трпелив"? Значи дека иако Бог можел да биде лут со Илија, Тој не бил. Наместо тоа му покажал љубезност.

Можеби во твојот клас има некое момче кое не е добро по математика. Ти му помагаш, но тоа продолжува да доаѓа кај тебе и да те моли да му помогнеш пак. Ако си трпелив со него, што ќе направиш? Да, ќе продолжиш да му помагаш. Ако не си трпелив што ќе направиш? Ќе му речеш: "Оди си, нема веќе да ти помагам." Запомни, Бог е трпелив - Библијата ни вели дека Тој е "Бог на трпеливост" *(Римјаните 15:5)*. Затоа тој не се одвратил од својот слуга Илија, дури и тогаш кога тој самиот се откажал и побегнал.

## Сцена 2

Ангел подготвил храна за Илија



*(Постави ги фигурите 1, 4 и 18 - 21 на таблата кога тоа ќе биде спомнато во текстот.)*

Додека Илија лежел под дрвото *(18)*, тој цврсто заспал. Но Бог нежно се грижел за него и испратил ангел *(19)*. Ангелот го допрел пророкот кој спиел. "Стани и јади" - рекол тој *(отстрани го 18 и употреби ја 4)*. Илија се разбудил и погледнал наоколу. Имало леб печен на јаглен *(20)* и стомна со вода *(21)*. Илија со радост го изел јадењето затоа што бил гладен и жеден по долгото патување. Откако јадел легнал и повторно цврсто заспал! Нешто подоцна ангел Господов го разбудил по втор пат и му рекол пак да јаде. Колку само бил грижлив и исполнет со љубов Бог спрема неговиот слуга. Тој не рекол: "Илија, колку беше безумно да побегнеш од Језавела. Јас сум разочаран од тебе." Тој можел да го каже тоа, но не го кажал. Наместо тоа, со љубов му го дал на Илија сето она што му било потребно - одмор и храна. Бог е таков со секое од своите чеда. Ако си христијанин, запомни дека Бог не се одвратува од тебе кога ти се чувствуваш "згазен". Кога ти ќе направиш нешто што не е по негова волја, кога можеби ќе се скараш со твојот помал брат, Тој нема да каже: "Доста ми е од тебе." Тој работи во твојот живот за да те направи посличен на Господ Исус. Можеби тоа ќе потрае, но Бог не се откажува. Бог не сакаше да се откаже ниту од Илија!

## Сцена 3

Илија на планината Хореб



*(Постави ги фигурите 1, 4 и 22 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот).*

*(1)* Пророкот се чувствувал многу подобро откако се наспал и најал. Тој требало да го праша Бог што треба да направи, но не го направил тоа. Продолжил да патува кон југ уште 40 дена и ноќи *(замени ја 1 со 4)*. Тој одел кон планината Хореб каде што многу одамна Бог му беше проговорил на Мојсеј и му ги дал десетте заповеди и планот од Шаторот за собирање. На Илија му требал Бог за да разговара со него. Најпосле стигнал до планината Хореб, Божјата планина. Таму влегол во една пештера и ја поминал ноќта. Таму и Бог му проговорил: "Илија, што бараш овде?"

"Напорно работев за семоќниот Господ Бог. Но луѓето во Израел се свртеа од Бог и ги убија неговите пророци. Јас сум единствениот кој остана" - одговорил Илија.

Господ рекол: "Излези и застани на планината зашто Господ ќе помине покрај тебе." Повторно, Бог бил стрплив со Илија. Тој дури и не му кажал колку Илија не бил во право. Тој сакал да му покаже на Илија нешто од Себеси. Тоа било она кое му било потребно на пророкот, бидејќи тој премногу мислел за неговите сопствени проблеми. Многу ми е драго дека Бог е полн со љубов, разбирање и трпеливост. Тој не ја запира својата работа во неговите чеда. Тој не е нестрплив. Момче и девојче христијани, не заборавајте да му благодарите за тоа што е таков. Можеби ти ќе треба да дојдеш пред Бог и да му кажеш колку ти е жал за некој грев. Изгледа дека доаѓаш кај Него со тој грев повторно и повторно. Тој нема да каже: "Ова е последен пат што ти простувам." Библијата вели дека Тој е: "бавен на гнев и полн со милост" *(Псалм 103:8)*. Нема ли да му благодариш за тоа што е толку трпелив? Тоа бил Бог кој му проговорил на Илија.

И така, Илија си го покрил лицето со неговата наметка и застанал на планината *(замени ја 4 со 22)*. Почнал да дува силен ветер. Бил толку силен што почнал да крши парчиња од карпите на планината. Но Господ не бил во ветрот. Откако стивнал ветрот, се случил страшен земјотрес.

Целата планина се затресла. Но Господ не бил во земјотресот. Тогаш имало оган, но Бог не бил ниту во огнот. Како Бог ќе му се покаже на Илија? По ветрот, земјотресот и огнот, Илија слушнал еден тивок глас. Илија веднаш знаел дека тоа е Бог кој му зборува нежно и љубезно. Бог го прашал: "Што бараш овде?" Илија бил таму без да го праша Бог дали треба да го направи тоа.

Тој побегнал од Језавела, а сепак Бог бил љубезен и нежен спрема него. Колку е тој трпелив! Библијата вели: "Не сака да изгинат некои, туку сите да се обрнат кон покајание" *(2 Петар 3:9)*. Бог е трпелив со секој, не само со Неговите чеда. Ако ти не си христијанин, Бог е трпелив и со тебе. Дали си излажал оваа седмица? Можеби во вторникот изутрината ти си рекол: "Мамо, ме боли главата." Мајка ти сметала дека ќе биде добро да не отидеш на училиште. Ти си немал главоболка. Ти само си се преправал и излагал. Тоа е грев, затоа што Бог заповеда: "Да не лажеш" *(Излез 20:16)*. А сепак Бог не те казни веднаш. Зошто не? Затоа што Тој е трпелив. Ти си Му непослушен многу, многу пати и Тој не те казнува веднаш. Тоа не значи дека Тој никогаш нема да те казни. Тој чека, да се одвратиш од твојот грев и да поверуваш во Господ Исус Христос за да ти прости. Ако не го направиш тоа, тогаш Тој ќе те казни со вечна казна. Но сè досега Тој бил многу трпелив со тебе. Да, Тој е трпелив со сите луѓе и Тој бил трпелив со Илија кога го запрашал: "Зошто си овде?" Илија го дал истиот одговор како првиот пат, објаснувајќи како Израелците ги убиле Божјите пророци и дека тој е единствениот кој останал.

Господ му рекол: "Врати се откаде што дојде." Бог му кажал на Илија некои многу важни нешта кои требал да ги направи кога ќе се врати. Едно од нив било дека Илија требало да одбере некој друг да стане цар во Израел наместо Ахав; другата работа била да повика млад човек да го заземе местото на Илија како Божји пророк. Тогаш Господ му кажал на Илија нешто прекрасно. Му рекол дека во Израел има седум илјади луѓе кои му биле верни на Бог и не го славеле Ваал. Ова била прекрасна вест за Илија! Тој мислел дека е сам, а сега Бог го охрабрил. Бог навистина го израдувал. Момче и девојче христијани, кога сте разочарани, немојте да мислите дека Бог е против вас. Кажи Му зошто се чувствуваш натажен. Немој да мислиш дека Тој ќе те напушти. Тој нема да го стори тоа, затоа што Тој е многу трпелив со своите чеда. Поради тоа што е толку трпелив со тебе, и ти треба да си трпелив со другите.

Можеби со семејството си отишол на излет и татко ти ти рекол дека ти и помалиот брат смеете да се искачите на блискиот рид. Вие тргнувате, но брат ти е две години помалечок од тебе, и не може да се качува толку брзо како тебе. Што ќе направиш ако си трпелив со него? *(Дозволи им на децата да одговорат.)*

Можеби твојот клас е поделен за да играте фудбал. Едно од момчињата одвај може да ја погоди топката затоа што слабо гледа. Ако тоа дете е во твојот тим, како можеш да покажеш дека си трпелив со него? *(Дозволи им на децата да одговорат.)*

Ќе било многу тешко, па дури и страшно за нас ако Бог не е трпелив со своите деца. Ако си христијанин, побарај од Бог да ти помогне да бидеш трпелив кон другите, на ист начин како што Тој е трпелив со тебе. Сигурен сум дека на Илија му било мило што Бог се однесува спрема него со толку љубов.

## Сцена 4

Божјиот повик кон Елисеј



*(Постави ги фигурите 1 и 23 кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Илија послушно го направил она што Бог му кажал да го стори и тргнал по патот од каде што дошол *(1)*. Го нашол човекот кој еден ден требало да го заземе неговото место. Тој го видел како ора со воловите. Тој се викал Елисеј *(23)*. Илија отишол кај Елисеј и врз него ја фрлил својата наметка. Елисеј веднаш знаел што значи тоа. Тој знаел дека Бог го повикува да работи за Него. Откако тој се простил со татко му и мајка му, тргнал со Илија. Еден период на време му бил слуга на Божјиот човек. Тој не требало да ја започне работата на Илија во тој момент, затоа што Бог сè уште имал неколку важни нешта кои требало да ги направи Илија. Иако Илија побегнал, Бог го вратил назад и сепак сакал да му дозволи да работи за Него. Бог е многу трпелив! Момче и девојче христијани, полека но сигурно Бог ќе ве направи послични на Господ Исус. Тој нема да се откаже од вас дури и кога сте безумни, кога грешите, кога сте разочарани. Зошто во срцето не Му благодариш на Бог и не Му кажеш: "Ти благодарам, Боже, што си толку трпелив со мене."

Вие кои никогаш не сте поверувале во Господ Исус како во свој Спасител, знајте дека Бог бил трпелив кон вас. Знаете дека сте згрешиле. Тој не ве казнил веднаш. Тој ви проговорил, и имало моменти кога вие навистина сте мислеле дека

мора да поверувате во Господ Исус, но не сте го сториле тоа. Токму сега, Бог повторно зборува и уште сега можеш да поверуваш во Господ Исус. Неговото трпение со тебе нема да биде вечно, ако ти продолжиш да грешиш. Сврти се уште сега кон Бог, таму каде што седиш, и тивко кажи Му во своето срце: "Господи, ти благодарам што си бил трпелив со мене кога сум ти бил непослушен. Жал ми е за мојата непослушност. Ти благодарам што повторно ми зборуваш. Се радувам дека Господ Исус умрел за мене и сега сакам да поверувам во Него за Тој да го одземе мојот грев."

**Прашања за повторување за третата лекција**

1. Како се викала лошата царица која се заканувала дека ќе го убие Илија? *(Царицата Језавела.)*
2. Што направил Бог за Илија кога тој побегнал и бил толку обесхрабрен во пустината? *(Бог се грижел за него и испратил ангел да му даде храна и вода, и да му дозволи да се одмори.)*
3. Каде во Библијата ги наоѓаме зборовите: "Господ е милостив и полн со сочувство; бавен на гнев и полн со милост"? *(Псалм 145:8.)*
4. Колку дена му требале на Илија за да стигне до планината Хорев, откако се одморил под дрвото? *(40 дена.)*
5. Како Бог му покажал на Илија на влезот на пештерата дека Тој е Сѐмоќен и дека Тој ја контролира вселената? *(Преку силниот ветер, земјотресот и огнот.)*
6. Што му рекол Бог на Илија со тивок глас? *(Што правиш овде? Врати се од каде што дојде.)*
7. Кажи ми кои биле двете нешта што Бог ги побарал од Илија тој да ги направи откако ќе се врати. *(Да избере некој друг за цар наместо Ахав и да најде еден млад човек кој ќе го заземе неговото место како пророк.)*
8. Илија мислел дека тој е единствениот следбеник на вистинскиот и жив Бог. Како Бог го охрабрил? *(Со тоа што му кажал дека имало уште седум илјади луѓе кои сѐ уште Му биле верни на Бог.)*
9. На што треба да се сетиш кога, како христијанин, ќе се обесхрабриш? *(Дека Бог е трпелив со секој од нас.)*
10. Ако Бог е трпелив спрема нас, каков треба да биде нашиот став спрема другите кои имаат проблеми? *(Треба да бидеме трпеливи спрема нив.)*

# Четврта лекција
## Илија и лозјето на Навутеј

**Библиски текст:** 1 Книга Царства 21:1-26

**Централна вистина:** Бог е праведен.

**Примена:** ***За неспасени деца:*** Бог ќе те казни за твојот грев ако не поверуваш во Христос како во твој Господ и Спасител.
***За спасените деца:*** Кога некој ќе ти направи зло, остави Бог да плати за тоа.

**Почеток:** "Дали е некој фер?" - ЦВ

**Развој на настаните:**
Царот Ахав го посакал лозјето на Навутеј - ЦВН
Тој го побарал од Навутеј.
Навутеј одбил да го продаде или да го замени
Царот Ахав се налутил.
Језавела се вмешала - ЦВН
Навутеј го извеле пред "суд".
Навутеј го убиле. - ЦВС
Царот Ахав отишол за да го земе лозјето.
Царот Ахав се сретнал со Илија.

**Кулминација:** "Каде што умре Навутеј, таму ќе умреш и ти" - ЦВН

**Заклучок:** Царот Ахав е убиен во борба. Царицата Језавела умрела. - ЦВН - ЦВС

**Стих за учење напамет:** повтори го стихот од минатата седмица. *(Ако оваа лекција ја користиш како одвоена лекција, ти го предлагам следниов стих: "Бог е верен и неправда нема во Него; Тој е праведен и вистинит" Второзаконие 32:4).*

"Дали е некој фер?" - мрмореше Ацо шутирајќи ги камењата по патот тој петок попладне. На училиште доби казна затоа што некои од момчињата од неговиот клас биле фатени како фрлале камчиња врз автомобилите кои проаѓале покрај нив. Тој бил таму, но не фрлил ниту едно камче. Всушност, тој само го чекал пријателот кој влегол во блиската продавница. "И ти очекуваш да поверувам во тоа?" - го прашал учителот. Кога Ацо се обидел да објасни што се случило, учителот не му поверувал. Ништо чудно што Ацо си мрморел: "Дали е некој фер?" Учителите можат да направат такви грешки, а и мајките и татковците. Има само еден кој никогаш не греши, а тоа е Бог. Библијата ни вели дека Бог е праведен. Тој е фер во сè што прави. Тој никогаш не греши. Тој никогаш не е лош. Кога Тој ќе го казни гревот, Тој ја дава казната која е праведна. Библијата вели: "Тој е праведен и вистинит" *(Второзаконие 32:4).*

## Сцена 1
Царот Ахав сакал да му го земе лозјето на Навутеј



*(Постави ги на таблата сликите 2 и 24 кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Лошиот цар Ахав не го разбирал ова, инаку никогаш немало да дозволи да се случи она страшно нешто за кое ќе слушнеме денес во нашата библиска лекција.

*(2)* Сè започнало кога царот добил желба која многу, многу сакал да му се исполни! Царот имал прекрасна палата во Самарија. Веднаш до палатата живеел човек чие име било Навутеј. Навутеј имал лозје каде што растеле големи сочни гроздови. Навутеј си го сакал своето лозје. Веројатно, уште како дете, му помагал на татко му да се грижи за лозите, бидејќи тие биле негова сопственост. Тоа лозје било во нивното семејство од нивниот дедо.

Кога царот Ахав погледнал кон лозјето, толку блиску до неговата палата, го посакал за себе! Царот бил богат. Имал сè што му требало и многу повеќе. Но го сакал тоа лозје. Кога навистина сакаш нешто кое му припаѓа на некој друг, тоа се нарекува "посакување туѓо". Божјата заповед е: "Не посакувај туѓо" *(Излез 20:17).* Дали си ја прекршил таа заповед?

Можеби момчето кое живее во твоето соседство поминало покрај тебе на сосема нов велосипед. Ти си помисли: "Колку сакам да имам и јас таков. Зошто да немам?" Ти многу размислуваш за тоа. Ти го посакуваш туѓиот велосипед.

Или пак, има ли во твоето одделение девојче кое носи толку убави модерни облеки? Ти си навистина љубоморна спрема неа. И ти сакаш таква облека. Постојано ѝ кажуваш на мајка ти колку многу сакаш модерни облеки. Ти ги посакуваш нејзините облеки.

Дали е тоа важно? Важно е, ти си ја прекршил

Божјата заповед. Што вели Бог Праведниот судија, за казната која ни следува за прекршување на Неговиот закон? "Душата која ќе згреши мора да умре" *(Езекиел 18:4)*. Тоа значи дека сиот грев - вклучувајќи го посакувањето туѓо, мора да биде казнет со смрт. "Смрт" значи да бидеш исклучен од Бог и да бидеш казнет засекогаш. Тоа е казната која ја заслужуваме ти и јас, затоа што сме биле непослушни спрема Божјата заповед и тоа многу пати. Не можеме да се правдаме дека не е фер, затоа што токму тоа го заслужуваме, а Бог е фер судија.

Но Ахав воопшто не размислувал за Бог. Тој размислувал за лозјето. Решил да разговара со Навутеј *(24)*. "Дај ми го лозјето", рекол тој, "Ќе ти дадам поубаво лозје, или, пак, пари ако повеќе сакаш."

Но Навутеј му одговорил: "Господ ми забранува да ти ја продадам земјата која била во моето семејство толку долго време." Бог заповедал семејството да ја чува својата земја. Навутеј одбрал да Му биде послушен на Бог.

### Сцена 2

Царицата Језавела му го ветува лозјето на Ахав



*(Постави ги на таблата сликите 25 и 26 кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Царот бил налутен и разочаран. Отишол во палатата и влегол во спалната соба. Таму легнал *(25)*, се свртел кон ѕидот и одбил да јаде. Царот се лутел! Царицата Језавела влегла во собата *(26)*. 'Зошто си тажен и не јадеш?" - прашала таа. "Побарав од Навутеј да ми го продаде лозјето и тој одби да го направи тоа" рекол Ахав налутено. "Кој е цар?" - извикала царицата. "Стани и уживај! Јас ќе ти го дадам лозјето на Навутеј!"

### Сцена 3

Царицата Језавела ја планира смртта на Навутеј.



*(Постави ги на таблата сликите 3 и 17 кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Лошата царица започнала да дејствува *(3)*. Напишала писма кои ги потпишала со името на Ахав и ги запечатила со печатот на царот. Нејзиниот гласник *(17)* ги однесол писмата до водачите во градот. Таа им наредила на водачите да го изведат Навутеј пред суд. Требало да најдат двајца луѓе кои ќе кажат: "Навутеј ги проколнуваше Бог и царот!" Потоа тие требало да го прогласат Навутеј за виновен и да го каменуваат до смрт. Језавела воопшто не се грижела за Божјиот закон. Таа ја започнала нејзината зла измама и изгледало дека сè ќе ѝ оди на добро. Но мора да запомниме дека Бог не секогаш казнува моментално. Тоа значи дека таа личност ќе се "извлече" за некое време. Понекогаш на училиште учениците се провлекуваат ако направат нешто лошо. Можеби учителот навистина не знае што се случило, или пак е добро расположен и не сака тој ден да казнува. Но Бог не е никогаш таков. Тој ги знае сите факти. Тој нема добро или лошо расположение, Бог е секогаш ист. Тој можеби нема веднаш да казни, но Тој сигурно ќе казни. Сериозно размисли за ова. Не е мудро да заборавиш, затоа што еден ден ќе мора да се сретнеш со Бог како твој судија. Језавела не знаела за ова, и затоа воопшто и не размислувала. Таа решила да го исполни својот лош план за да му го даде лозјето на Ахав.

### Сцена 4

Смртта на Навутеј



*(Постави ги фигурите 11, 27 до 29 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Градските старешини го направиле она што таа ги замолила да го направат. Тие го извеле Навутеј пред суд. *(27)*. Луѓето од градот се собрале да видат што се случува *(11)*. Тогаш дошле двајца лоши луѓе. Тие velеле дека Навутеј зборувал лошо за царот и за Бог. Навутеј немал можност да се брани. Го прогласиле за "виновен", го извеле од градот и го каменувале до смрт. Тоа не било чесно судење. Навутеј, Божјиот следбеник, бил нечесно осуден од овие луѓе. Понекогаш е тешко да се разбере зошто Бог дозволува Неговите чеда да поминуваат низ такви тешкотии. Тоа не значи дека Бог престанал да биде праведен и фер. Тој има свои причини зошто дозволил да страдаме кога не сме виновни, добри причини кои само Тој ги знае и разбира. Но оние кои се однесуваат лошо спрема Божјите чеда ќе бидат казнети. Божјите чеда кои неправедно страдале ќе бидат наградени. Бог ќе го исполни тоа, така што на крајот сè ќе биде фер. Ако си христијанин, што треба да направиш кога другите се однесуваат лошо спрема тебе? Да претпоставиме дека некои момчиња од твојот клас ти ја грабнале чантата, и ги истураат книгите на улица, па почнуваат да викаат: "Значи ти си христијанин, ќе ти покажеме што им правиме на верниците!" Кој ќе биде вистинскиот начин да одговориш на тоа:

Да го најдеш твојот голем брат и неговите пријатели за да ги истепате.

Да се обидеш да им вратиш на училиште без тие да го забележат тоа.

Да побараш од Бог да го реши проблемот и да се обидеш да се тргнеш настрана од тие деца кога ќе си одиш дома.

*(Дозволи им на децата да продискутираат кој е најдобриот начин. Ќе биде добро на децата христијани да им се каже дека, ако се соочуваат со таков проблем ти ќе бидеш среќен да разговараш за тоа и да се молиш со нив. Кажи им на децата каде можат да те најдат по состанокот.)* Бог не сака ние да враќаме зло за зло. Тој вели дека ние треба да Му го оставиме тоа на Бог. "Одмаздата е моја; Јас ќе вратам, вели Господ" *(Римјаните 12:19)*. Бог ќе им платеше на Језавела и Ахав за нивната злоба.

## Сцена 5

Царот Ахав се сретнал со Илија во лозјето

*(Постави ги врз таблата сликите 1 и 2 кога ќе бидат спомнати во текстот)*

Тие биле толку среќни што Навутеј е мртов. Језавела му рекла на Ахав: "Оди и земи го лозјето на Навутеј." Штом царот слушнал дека Навутеј е мртов, отишол во лозјето и си го присвоил *(2)*. Таму го сретнал човекот кого најмалку сакал да го види! Можете ли да погодите кој бил тоа? Да, Илија *(1)*.

Бог знаел за сè што се случило и го испратил Илија со Неговата порака за царот. Пророкот влегол во лозјето. Кога Ахав го видел бил збунет: "Тука ли ме пронајде, мој непријателу?" Илија остро му одговорил: "Те пронајдов затоа што ти се продаде себеси за да правиш лошо. Бог ќе те казни за ова зло. Ќе умреш и ти и твоите синови." Илија исто така рекол дека кучињата ќе го изедат мртвото тело на Језавела. Колку страшна порака! Но Ахав и Језавела го заслужиле тоа. Бог бил фер. Тој е секогаш таков. Тој мора да го казни сиот грев. Како тогаш кој и да било може да отиде на небото ако Бог треба да го казни сиот грев? Самиот Бог дал прекрасно решение за тој проблем. Тој Го испратил Својот единствен Син во светот. Неговиот Син, Исус Христос, никогаш не згрешил и затоа не заслужил казна. А сепак Бог го казнил. Бог го казнил за гревот кој другите луѓе, како јас и ти, сме го направиле. Тоа значи дека ако ти поверуваш во Исус Христос за Тој да те спаси од гревот, ти знаеш дека сиот твој грев е платен и дека Бог нема да те казни повторно. Значи Бог е чесен и праведен дури и кога проштува грев. Можеби си размислуваш што си заслужил од Бог. Ова за тебе е добра вест - дојди кај Господ Исус, побарај од Него да ти прости, да стане твој Спасител. Тогаш ќе знаеш дека сиот твој грев е казнет и дека не треба да се плашиш да го сретнеш Бог. Библијата вели: "Нема осуда за оние кои се во Христос Исус" *(Римјаните 8:1)*. Тоа значи дека нема казна за оние кои Му припаѓаат на Господ Исус. Тоа е вистина затоа што Бог вели така. Сè што Тој вели е вистина. Тој вели дека ако не поверуваш во Христос ти ќе бидеш засекогаш казнет, а и тоа е точно. Исто како што била точна страшната порака која Илија ја донесол.

Не поминало многу време и царот бил ранет во битка и умрел. Неколку години подоцна Језавела гледала од еден висок прозорец и некои луѓе ја фрлиле од него, па кучињата навистина го изеле нејзиното мртво тело. Да, Бог, праведниот Бог, ги казнил лошите цар и царица. Кога ќе си заминеш денес, те молам немој да заборавиш каков е Бог. Тој е праведен и чесен. Ако го љубиш Господ Исус не обидувај се да им вратиш на луѓето кои ти прават лошо. Остави Бог да се погрижи за тоа. Ако денес знаеш дека сè што заслужуваш од Бог е казна за твојот грев, зарем нема да се одвратиш од гревот и да поверуваш во Господ Исус како во твој Спасител, знаејќи дека Тој ја зеде твојата казна. Ако продолжиш да живееш во непослушност, Бог ќе те казни засекогаш. Ако поверуваш во Господ Исус да ти ги прости гревовите и да стане твој Спасител, никогаш нема да бидеш казнет. Ајде сега неколку минути да бидеме тивки. Ако навистина го мислиш тоа, зборувај со Господ Исус тивко, не гласно, и побарај од Него да стане твој Спасител, да те спаси од казната која ја заслужуваш. *(**Учителе:** Имај неколку минути тишина, и потоа заврши со молитва.)*

**Прашања за повторување за четвртата лекција**

1. Што значи кога ќе кажеме дека Бог е праведен? *(Тоа значи дека Бог е фер и дека секогаш ја дава правилната казна или награда на оние кои ги заслужуваат.)*
2. Како се викал човекот кој бил сопственик на лозјето кое го посакувал царот Ахав? *(Навутеј).*
3. Која Божја заповед ја прекршил Ахав со тоа што го сакал она кое не било негово? *("Не посакувај туѓо".)*
4. Што треба да се случи со нас бидејќи сме Му непослушни на Бог? *(Заслужуваме да бидеме казнети и засекогаш одвоени од Бог.)*
5. Што направил Ахав кога не го добил она што го сакал? *(Си отишол во спалната соба, легнал и почнал да се лути.)*
6. Што направила Језавела за да го добие лозјето? (*Нашла луѓе кои биле подготвени да лажат за него и да го убијат.)*
7. Зошто мислиш дека лошиот цар не сакал да го види Илија? *(Затоа што знаел дека згрешил и дека Бог го казнува гревот.)*
8. Која била пораката што Илија му ја донесол, а која била од Бог за Ахав? *(Дека тој и Језавела ќе бидат казнети, и им кажал како ќе умрат.)*
9. Како може Бог да биде праведен, а сепак да ни ги прости гревовите? *(Тој на крстот Го казнил Својот Син за нашите гревови.)*
10. Чии гревови се простени? *(На оние кои веруваат во Господ Исус Христос.)*

# Петта лекција
## Илија оди на небото

**Библиски текст:** Втора Книга Царства 2:1-15

**Централна вистина:** Бог е постојано со Своите чеда.

**Примена:** ***За неспасените деца:*** стани Божјо чедо па и ти ќе ја имаш таа привилегија.
***За спасените деца:*** запомни дека никогаш не си сам.

**Почеток:** "Кој сум јас?"

**Развој на настаните:**
Илија го привршувал своето време на земјата. - ЦВ
Илија и Елисеј заминале во Бетел и Ерихон. - ЦВС
Тие го поминале Јордан.
Пророчките синови гледале. - ЦВС
Илија го прашал Елисеј дали има некаква желба.
Елисеј побарал двоен дел од неговиот дух.
Двајцата патувале заедно.
Се појавиле огнени кочии и Илија заминува. - ЦВН
Елисеј ја зел наметката на Илија.

**Кулминација:** Елисеј ја удрил водата и прашал: "Каде е Богот на Илија?" Водата се разделила. - ЦВС

**Заклучок:** Пророчките синови се сретнале со Елисеј.
Тие му се поклониле. - ЦВС - ЦВН

**Стих за учење напамет:** "Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам" *(Евреите 13:5).*

"Кој сум јас?" Ајде да видиме кога ќе погодите!

1. Јас бев земјоделец.
2. Полето го орав со волови.
3. Јас им кажав "догледање" на мајка ми и татко ми.
4. Му бев слуга и пријател на Илија.
5. Моето име е слично како Илија.

*(Учителе: можеби ќе сакаш овие реченици да ги напишеш на хартија и да ги поставуваш врз таблата.)*

### Сцена 1
Илија и Елисеј патуваат заедно.



*(Постави ги на таблата сликите 1 и 30 кога ќе бидат спомнати во текстот).*

Бог го избрал Елисеј да продолжи со работата која ја вршел Илија. Поминале многу години од тој ден. Откако Илија *(1)* му кажал на Елисеј да дојде со него, Елисеј поминал време помагајќи му на Илија *(30)* и учејќи од него.

Времето на Илија на оваа земја било речиси завршено. Тоа бил еден живот полн авантури! Бог го употребил да им каже на лошиот цар и царица пораки кои тие не сакале да ги слушнат. Од своја страна тие го мразеле и сакале да го убијат. Само Божјото присуство и грижа го спасиле неговиот живот. Можеш ли да се сетиш на времето кога Бог покажал дека е со него и се грижел за него на прекрасен начин? *(Дозволи им на децата накусо да повторат.)* Бог бил со Илија цело време. Бог е со своите чеда постојано. Тој е таков голем Бог што Тој е насекаде. Но Тој е особено блиску до своите чеда. Прекрасното нешто е дека, иако има илјадници луѓе кои се негови вистински чеда, на различни места по светот, Тој е секогаш блиску до секое од нив. Во Библијата Тој вели: "Зарем Јас не ги исполнувам небото и земјата?" *(Јеремија 23:24)*. Тој е толку велик што може да биде со сите Свои чеда, а Тој бил и со Илија.

Дошло времето кога Бог сакал да го земе Илија на небото, бидејќи неговата работа била завршена. Илија и Елисеј го знаеле тоа. Двајцата Божји слуги патувале заедно од еден град по име Гилгал, кога Илија му рекол на Елисеј: "Остани овде, зашто Бог ме испраќа во Бетел." Елисеј не сакал да го остави Илија. Тој знаел дека многу ќе му недостига, и затоа одговорил: "Да е жив Господ, нема да те оставам."

Многу години пред ова Илија организирал училишта во кои сакал да им помогне на младите луѓе да научат повеќе за Бог. Овие училишта биле наречени "пророчки училишта". Младите луѓе кои таму учеле се нарекувале "деца на пророците". Кога Илија и Елисеј пристигнале во Бетел, тие се сретнале со овие млади луѓе, и изгледало дека и тие знаат оти Илија наскоро ќе замине на небото. Го тргнале Елисеј настрана и

го прашале: "знаеш ли дека Бог денес ќе го земе твојот господар?" "Да," одговорил Елисеј, "знам. Не мора да ми кажувате."

Илија повторно му кажал на Елисеј: "Остани овде, Господ ме испраќа во Ерихон." Но Елисеј останал со својот господар. И во Ерихон имало училишта за пророци. И тие му рекле на Елисеј: "Зарем не знаеш дека Бог денес ќе го земе твојот господар?" Елисеј повторно им одговорил: "Нема потреба да ми кажувате." Пророците знаеле дека нешто ќе се случи. Тие сакале да видат што ќе му се случи на Илија, и затоа отишле на едно високо место и оттаму гледале кога двајцата пророци оделе заедно.

Илија му кажал на Елисеј: "Бог ме испрати до Јордан, остани овде." Но Јелисеј одговорил: "Да е жив Господ, нема да те напуштам." Елисеј сакал да помине колку што е можно повеќе време со Илија, затоа што тој веќе немало да биде на земјата. Тоа е разликата меѓу пријателот човек и Бог. Пријателот човек, твојот најдобар пријател, дури и мајка ти и татко ти, не можат да бидат со тебе секој момент, секој ден и секоја ноќ. Но со Бог е поинаку. Пред многу, многу години, Бог му ветил на еден од своите слуги: "Нема да те напуштам" *(Битие 28:15)*. Ако си Божјо чедо, Тој е секогаш покрај тебе, каде и да си, кое и да било време. Ниту еден човечки пријател не може да биде таков. Па дури и Илија не бил таков. Наскоро тој ќе си заминел од Елисеј.

## Сцена 2

Реката Јордан се двои



*(Постави ги сликите 30, 31 и 11 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Кога Илија и Елисеј дошле до реката Јордан, Илија ја соблекол својата наметка и ја замотал. Тогаш ја удрил водата со неа. Кога го направил ова, реката се разделила и двајцата поминале по суво *(30, 31)*. Од далеку ги гледале пророчките синови *(11)*. Што ли само мислеле тие?

Дека Илија е некој супермен.
Дека Бог е сè уште со Илија.
Дека ветрот си направил пат низ водата.
*(Дозволи им на децата да ти го кажат правилниот одговор.)*

Тие виделе дека Бог е сè уште со Илија. Тој бил со него долги години и сега бил сè уште со него. Момче и девојче христијани, Бог ќе биде со вас секој ден од вашиот живот. Можеби одиш во ново училиште и си уплашен. Никого не познаваш. Си мислиш: "не сакам таму да одам сам." Нема да си сам. Бог е со тебе. Неговото ветување за тебе како христијанин е: "Нема да те оставам, ниту, пак, ќе те напуштам" *(Евреите 13:5)*. Тој ќе биде со тебе низ целиот твој живот, исто како што бил со Илија.

Стариот пророк се свртел кон Елисеј: "Има ли нешто што сакаш да го направам за тебе пред да бидам земен?" прашал тој. Елисеј знаел што сака. "Сакам да побарам двоен дел од твојот дух", рекол тој. *(Со други зборови, Елисеј сакал да ја има целата помош што Илија ја имал за да ја заврши неговата работа.)* Елисеј знаел дека Илија, неговиот господар, имал голема сила и моќ од Бог, па и Елисеј го сакал тоа за да може да го врши Божјото дело. Но тоа било нешто што Илија не можел да го даде - само Бог можел да ја даде таа сила и моќ. Момче и девојче христијани, знаете ли дека кога Господ Исус се врати на небото, Тој го испрати Светиот Дух да живее во секој кој го познава Него како Господ и Спасител. Значи Бог не е само со тебе, туку Тој живее во тебе. Ако си поверувал во Господ Исус како во твој Спасител Бог Светиот Дух живее во тебе. Тој ќе те направи силен и ќе ти даде храброст да живееш за Него. Можеби дома ти е тешко да не се расправаш. Бог Светиот Дух Кој живее во тебе ќе ти помогне да не се расправаш. Прекрасно е, момчиња и девојчиња христијани, дека Бог не е само со тебе, туку е и во тебе за да ти помогне да живееш за Него. Елисеј знаеше колку многу му е потребно Бог да биде со него во сила, ако сака да ја заврши работата на пророк. Затоа тој побарал: "Сакам двоен дел од твојот дух да дојде врз мене." "Побара нешто многу тешко," одговорил Илија, "но ако ме видиш кога ќе бидам грабнат од тебе, ќе го добиеш."

## Сцена 3

Илија оди на небото



*(Постави ги фигурите 32, 33, 34 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Двајцата Божји луѓе продолжиле да одат, разговарајќи. Одеднаш се појавиле огнени коњи и кочија. Тие застанале меѓу Илија и Елисеј и Илија отишол на небото во виор *(32)*, а неговата наметка паднала на земјата *(34)*. Кога Елисеј *(33)* го видел тоа, повикал: "Татко мој, Татко мој! Коњите и колата на Израел! *(Илија преку своите молитви и проповеди го пазел Израел посигурен, подобро отколку армијата на царот Ахав.)* Тогаш Елисеј веќе не можел да го види својот господар. Илија веднаш отишол на небото без да умре. Зошто отишол на небото? Затоа што бил подготвен да се сретне со Бог бидејќи Му верувал Нему за своето спасение. Што е со тебе - дали си подготвен да се сретнеш со Бог? Сакаш ли да одиш на небото? Само Божјите чеда ќе бидат со Него засекогаш на небото. Ти ќе станеш Божјо чедо кога ќе поверуваш во Господ Исус да те спаси од твојот грев, знаејќи дека Тој ја зеде врз себе казната кога умре на крстот. Дали му се довеурваш на Господ Исус како на твој Спасител? Ако си поверувал во Него, ти си Божјо чедо. Библијата вели: "А на сите што Го примија *(Господ Исус)*, им даде власт да станат синови Божји, на сите кои веруваат во Неговото име" *(Јован 1:12)*. Да се "верува во Неговото Име" значи да си му се доверил Нему. Ако не си му се доверил на Господ Исус Тој да го одземе твојот грев, ти не си Божјо чедо. Само Божјите чеда знаат дека Бог е блиску до нив секој ден. Само Божјите чеда ќе живеат со Бог засекогаш. Таму отиде Илија, да биде засекогаш со Бог.

## Сцена 4

Елисеј пак го поминува Јордан.



*(Постави ги сликите 11 и 35 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Но што ќе се случи со Елисеј? Дали Бог ќе биде со Него? Дали ќе ја прими силата и моќта која ја имаше Илија? Елисеј сигурно си ги поставувал тие прашања.

Тој се наведнал да ја земе наметката која паднала од Илија *(35)* и се вратил до реката Јордан. Ќе се сетиш ли како поминаа Илија и Елисеј преку реката? Кога Елисеј дошол до реката ја зел наметката на Илија и прашал: "Каде е сега Господ, Богот на Илија?" И кога ја удрил водата таа се разделила налево и надесно, па Елисеј поминал од другата страна. Бог му покажал дека тој е навистина избран да го заземе местото на Илија. Бог сакал јасно да му каже на Елисеј дека Тој е со него, исто како што тој бил со неговиот господар. Добро е да се знае дека Бог е со сите Негови чеда. Тој не е само со мисионерите, проповедниците, или пак само со возрасните христијани. Ако си поверувал во Господ Исус Тој е со тебе. Можеби имаш пријател во твојот клас кој е исто така христијанин. Многу е полесно на училиште кога има барем двајца кои се христијани. Но, сега тој пријател ќе се пресели на друго место и ти си мислиш дека нема да можеш да живееш за Господ Исус на училиште, кога си сам. Иако твојот пријател христијанин си заминува, Бог не си оди од тебе, а тоа е многу поважно. Запомни, ти не си сам. Бог сака тоа да го знаеш и ти денес, исто како што сакаше и Елисеј да го знае тоа пред многу години.

Пророчките синови *(11)* гледале како реката Јордан се поделила. И тие тогаш знаеле дека Бог е со Елисеј на посебен начин и дека тој е оној кого Бог го избрал да го заземе местото на Илија. Затоа тие дошле да го сретнат Елисеј и му се поклониле. Сега Елисеј требало да ја започне својата работа за Бог. За него било многу важно да знае дека Бог е со него, исто како што бил со Илија. Ако си Божјо чедо, запомни дека Бог е секогаш со тебе. Кога се чувствуваш осамен, Бог е сѐ уште таму, блиску до тебе. Можеби другите пријатели ќе те напуштат, но никогаш и Бог. Тогаш на крајот од твојот живот Бог ќе те земе на небото каде што секогаш ќе бидеш со Него и Тој со тебе. Зарем не е прекрасно да се биде Божјо чедо?

Можеби си велиш: "Да, но јас не сум Божјо чедо." Дали навистина сакаш да бидеш? Ако си му се доверил на Господ Исус како на Оној Кој бил казнет за твојот грев, тогаш ќе станеш Божјо чедо. Ветувањето е за сите "кои веруваат во Неговото Име." Зошто не Му се обратиш тивко на Бог уште сега и не Му кажеш: "Боже, јас навистина сакам да сум Твое чедо. Жал ми е за сите лоши нешта што сум ги направил. Верувам дека Господ Исус умрел за мене и јас Му верувам да го одземе мојот грев." Откако ќе станеш Божјо чедо тогаш ќе знаеш дека Бог е секогаш со тебе.

**Прашања за повторување за петата лекција**

1. Што правел Елисеј пред да биде повикан да го заземе местото на Илија? *(Тој бил земјоделец.)*
2. Што сакал да направи Елисеј кога дознал дека Илија наскоро ќе го напушти? *(Сакал да остане со него.)*
3. Во кои три града Илија му кажал на Елисеј да остане и да не оди со него? *(Гилгал, Бетел и Ерихон.)*

4. Како се викала реката до која дошле Илија и Елисеј? *(Јордан).*
5. Што се случило кога Илија ја удрил водата на реката Јордан со наметката? *(Реката се разделила и двајцата ја поминале по суво.)*
6. Како можеме да знаеме дека Бог никогаш нема да не остави сами, ако Му припаѓаме Нему? *(Тој ветил: "никогаш нема да те напуштам".)*
7. Што побарал Елисеј од Илија пред тој да го напушти? *(Двоен дел од неговиот дух.)*
8. Како бил Илија земен на небото без да умре? *(Бог го зел во виор.)*
9. Што мора да направиме ние за да се осигураме дека еден ден ќе отидеме на небото? *(Мора да го примиме Господ Исус, да поверуваме во Него.)*
10. Како пророчките синови знаеле дека Бог бил со Елисеј, на ист начин како што бил со Илија? *(Кога Јордан се раздвоил штом Елисеј го удрил со наметката.)*

# Шеста лекција
## Илија разговара со Господ Исус

**Библиски текст:** Лука 9:28-36. *(Матеј 17:1-8 и Марко 9:2-8 исто така зборуваат за преобразувањето.)*

**Централна вистина:** Исус Христос е Божјиот Син.

**Примена:** ***За неспасените деца:*** веруваj Му да те спаси.
***За спасените деца:*** слушај Го и биди Му послушен.

**Почеток:** Да видиме колку брзо можеме да ги откриеме овие зборови!

**Развој на настаните:**
Бог го испратил Својот Син. ЦВ
Господ Исус, Петар, Јаков и Јован одат на планината.
Господ Исус се молел.
Господ Исус се преобразил. ЦВ
Петар Јаков и Јован заспале.
Илија и Мојсеј се појавиле и разговарале со Христос. ЦВН
Учениците се разбудиле.
Петар предложил три "шатори".
Се спуштил облак.

**Кулминација:** Бог зборува: "ова е Мојот сакан Син..." ЦВС
Учениците се уплашиле.
Мојсеј и Илија ги снемало.
Господ Исус: "Не плашете се "

**Заклучок**: Сите заедно слегле од планината. ЦВС - ЦВН

**Стих за учење напамет:** "Зашто Бог толку го засака светот, што го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не погине, но да има вечен живот" *(Јован 3:16).*

*(**Учителе:** исечи неколку листа хартија на кои ќе ги напишеш зборовите на збркан начин).*

Да видиме колку брзо можеме да ги пронајдеме овие зборови! *(Дозволи им на децата да го направат тоа. Зборовите кои ги бараш се: праведен, велик, трпелив, сѐмоќен.)* Зошто сум ги наредил сите овие зборови на таблата? Да, сите тие го опишуваат Бог. Ние учевме дека Бог е таков. Имам уште еден збркан збор. Кој е зборот?

Библијата ни вели дека Бог е љубов. Тој ја покажал својата љубов на прекрасен начин. Околу 900 години откако Илија заминал на небото, Бог го испратил Својот Син на оваа земја. "Зашто Бог толку го засака светот, што го даде Својот Единороден Син..." *(Јован 3:16).* Божјиот Единствен Син го напуштил небото и дошол на земјата. Се родил како мало бебе. Речиси никој не знаел кој е навистина тој.

Кога пораснал, Тој ги поучувал луѓето за Неговиот Татко на небото. Исцелил многу болни луѓе, па дури и повторно оживеал некои мртви. Можел да ги прави овие нешта затоа што Тој е Бог Синот. И Тој е исто така Сѐмоќен и Велик.

Тој повикал дванаесет луѓе да бидат Негови ученици, или следбеници. Овие луѓе поминувале многу време со Него и Тој ги научил на многу нешта. Тие станувале сѐ посигурни дека Тој е поинаков, дека Тој е навистина Единствениот Божји Син.

### Сцена 1
Исус и учениците како се качуваат на планината.



*(Постави ги сликите 36 и 37 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

Еден ден, Тој поканил тројца од своите ученици, Петар, Јаков и Јован *(37)* да одат со Него *(36)* на планината за да се молат. Тој им дозволил на овие тројца ученици да видат нешто што никој на земјата не го имал видено. Погодете кој друг го видел тоа - Илија! Зарем тоа не е изненадување! Тој заминал на небото пред стотици години а сепак го видел тоа. Како можело да се случи такво нешто? Што виделе сите тие? Наскоро ќе го знаеме одговорот...

Тројцата ученици сигурно со радост се качувале по планината. И Господ Исус исто така. Тој ги сакал планините, цвеќињата, птиците и сите прекрасни нешта кои самиот Тој ги создал. Затоа што Тој е Бог Синот, Неговиот живот нема почеток. Тој бил таму кога бил создаден светот. Навистина, Библијата вели: "Сѐ што стана, стана преку Него..." *(Јован 1:3).* Господ Исус, Петар, Јаков и Јован сигурно разговарале за Небесниот Татко додека се качувале по планината. По некое време застанале бидејќи Господ Исус сакал да помине време во разговор со Својот Татко. Сакал да се моли. Се одвоил малку од учениците. Бог Синот разговарал со Бог Таткото.

## Сцена 2
Господ Исус се моли



*(Постави ги сликите 38 и 39 врз таблата кога тоа ќе биде спомнато во текстот.)*

Додека Господ Исус се молел се случила една голема промена *(38)*. Неговото лице почнало да свети силно како сонцето. Неговата облека станала бела и блескава, како чист бел снег. Што се случувало? Овој сјај и светлина се нарекува "слава". Небото е полно со слава. Кога Божјиот Единствен Син го напуштил небото Тој ја скрил Својата слава. И кога луѓето го среќавале Господ Исус на улиците тие не можеле да забележат ништо поинакво за Него. Тој изгледал исто како и другите луѓе. Но сега Неговата слава блескала, покажувајќи дека Тој навистина е Бог Синот. Колку чудна и света глетка! Што правеле Петар, Јаков и Јован во тоа време? Дали гледале? Не *(39)*, тие длабоко спиеле.

## Сцена 3
Илија и Мојсеј разговараат со Господ Исус.



*(Постави ги фигурите 39 до 43 на таблата кога ќе бидат спомнати во текстот.)*

*(39)* Додека спиеле, се појавиле двајца луѓе и разговарале со Господ Исус. Едниот од нив бил Илија *(41)* а другиот бил Мојсеј *(42)*. Можеби си мислевте дека ние завршивме со расказот за Илија кога минатата седмица слушнавте како тој бил земен на небото. Вистината е дека дури денес е нашата последна лекција за Илија, затоа што стотици години откако отишол на небото, тој пак дошол на земјата да разговара со Господ Исус. Бог ги испратил овие луѓе да дојдат и да разговараат со Неговиот Син! Зошто Бог ги испратил овие двајца? Библијата не ни кажува, но можеби затоа што Бог го дал Својот закон, десетте заповеди, на Мојсеј а Господ Исус бил единствениот Кој совршено го исполнил Божјиот закон. Илија бил пророк и сите пророци го очекувале времето кога ќе дојде ветениот Спасител. Тој дошол - Бог го испратил Својот единствен Син. Колку било тоа возбудливо! Господ Исус во Својата слава разговарал со Мојсеј и Илија. Што мислите, за што разговарале тие? За што разговарал Илија? Дали за големата победа на планината Кармел? Не! Дали Мојсеј зборувал за времето кога Бог направил пат низ Црвеното Море? Не! Дали разговарале за небото од каде што дошле? О, не! Тие имале нешто многу поважно за кое требало да разговараат. Тие разговарале за најважниот настан што кога и да било се случил во светот. Што било тоа? Смртта на Господ Исус. Тие зборувале за она што требало да му се случи на Господ Исус во Ерусалим подоцна. Кога Господ Исус умрел, Неговата смрт била поинаква отколку смртта на другите луѓе. Тој бил распнат на крст - во тоа време мнозина биле убивани на тој начин. Но смртта на Господ Исус била многу поинаква. Кога Тој умрел, Бог го казнил за гревот на луѓето како тебе и мене. Тоа била страшна казна. Кога Бог Синот висел на крстот, Бог Таткото го напуштил. Тој го истрпил Божјиот гнев против гревот. Само Божјиот Син можел да го земе гревот на светот и да биде казнет за него. Затоа што Тој го сторил тоа, Тој е единствениот Спасител. Тој може да го одземе твојот грев. Тој може да те спаси од казната што ја заслужуваш.

Ти заслужуваш засекогаш да бидеш отстранет од Бог. Библијата тоа го нарекува "да погинеш". Исус Христос може да те спаси од погибелот. Тој може да го смени твојот живот. Но ти мора да Му поверуваш Тој да го направи тоа за тебе. Ако навистина сакаш да Му поверуваш, но не знаеш како да го направиш тоа, дојди и зборувај со мене по состанокот. Јас ќе бидам *(одреди место каде што може да дојде детето)*. Ќе ми биде драго од Библијата да ти покажам како можеш да го сториш тоа. Запомни, Исус Христос може да те спаси затоа што Тој е Единствениот Божји Син Кој умрел за нашиот грев.

Не е за чудење што Мојсеј и Илија разговарале за Неговата смрт. Но дали учениците ќе го пропуштеле сето ова? По некое време тројцата заспани ученици се разбудиле *(замени ја 39 со 43)*. Тие никогаш не виделе нешто слично на ова. Тие гледале на небесната светлина и слава. Било толку чудно и прекрасно што учениците се уплашиле. Петар почнал да зборува, без и да мисли на она што го вели. "Господару," рекол тој, "добро е за нас да бидеме овде. Ајде да направиме три шатори: Еден за тебе, еден за Мојсеј и еден за Илија."

## Сцена 4

Облакот се спушта.



*(Направи* ***"облак"****, со жолти и бели сенки, кој ќе ги покрие 40, 41 и 42. Отстрани ги од таблата фигурите кога ќе биде тоа спомнато во текстот.)*

Господ Исус не одговорил, бидејќи, кога Петар проговорил, се појавил еден светол облак *(постави го облакот над 40, 41 и 42)* кој го покрил него, Мојсеј и Илија. Од облакот се слушнал глас. Тоа бил гласот на Бог Таткото. Тој им рекол на учениците: "Ова е Мојот сакан Син, Него слушајте Го." Бог објавувал дека Исус Христос бил Негов Син. Тој ги поучувал учениците на една голема лекција таму на планината. Тоа е лекција која Тој сака и ние да ја научиме денес. Тој сака да знаеме во нашите срца дека нема никој друг како Господ Исус. Мојсеј и Илија биле луѓе кои Му служеле на Бог, но тие биле само луѓе. Тие правеле многу грешки, многу пати грешеле. Но Господ Исус бил многу поинаков. Тој бил човек, но исто така и Божји Син. Знаеме дека во едниот Бог има три лица: Бог Таткото, Бог Синот и Бог Светиот Дух. Сите заедно ги нарекуваме Тројство. Исус Христос е еден од Троединиот Бог. Тој е единствениот Спасител. Тој е Оној Кого Бог ни вели да Го слушаме и да сме му послушни.

Можеби на училиште слушаш и за други религии. Можеби учителот ќе ти каже дека има многу начини да се дојде до Бог и на небото. Како христијанин треба да дознаеш што вели Господ Исус и да Му веруваш. Тој рекол: " Никој не доаѓа кај Таткото освен преку мене" *(Јован 14:6)*. Слушај Го и верувај Му на она што ти го вели Тој.

Можеби твојот пријател ќе те покани заедно со него да одиш кај него дома за да гледате видео. Можеби тој ти кажал многу малку за филмот. Ти знаеш дека тој филм не е таков што Господ Исус би го одобрил. Дали ќе го послушаш пријателот, или, пак, Господ Исус, Божјиот Син и твојот Спасител. Слушај Го и биди Му послушен. Тоа Бог Таткото им го кажал на тројцата ученици кога им проговорил од облакот.

Учениците биле многу уплашени. Паднале на лице, не осмелувајќи се повторно да погледнат *(отстрани го облакот и 41 и 42)*. Господ Исус им се приближил и ги допрел. "Не плашете се ", им рекол Тој.

Тројцата ученици погледнале. Облакот го немало. Мојсеј и Илија ги снемало. Останал само Господ Исус, но без Неговиот сјај и слава. "Ајде сега да слеземе од планината", рекол Господ. Тројцата ученици никогаш не го заборавиле она што го виделе и слушнале. Тие знаеле без сомневање кој бил Исус - Единствениот Божји Син!

Момче и девојче христијани, запомнете кој е вашиот Спасител. Кога ќе треба да одберете меѓу тоа да го слушате Него или некој друг, слушајте Го Него. Бидете Му секогаш послушни, дури и кога другите ве убедуваат да го направите спротивното.

Ако не си христијанин и одиш по патот на кој што си, твојот грев ќе те одвои од Бог засекогаш. Има само една личност која може да го одземе твојот грев и да те направи христијанин. Тоа е Исус Христос, Божјиот Син. Тој ти е многу потребен. Слушни што рекол Господ Исус: "Зашто Бог толку го засака светот, што Го даде Својот Еднороден Син, та секој кој верува во Него да не загине, туку да има вечен живот" *(Јован 3:16)*. Ако веруваш во Господ Исус дека може да те спаси да не погинеш - Тој ќе го направи тоа и ќе го одземе твојот грев. Кажи Му сега во твоето срце дека знаеш колку ти е потребен. Благодари Му што умрел за твојот грев, и побарај од Него да те спаси од казната уште сега. Тогаш Исус Христос, Божјиот Син, ќе стане твој Спасител.

**Прашања за повторување од шестата лекција**

1. Кои биле трите ученици кои заедно со Господ Исус се качиле на планината да се молат? *(Петар, Јаков и Јован.)*
2. Што се случило со Господ Исус додека Му се молел на Неговиот Татко на планината? *(Лицето почнало да Му свети како сонце, а облеката Му станала бела и сјајна.)*
3. Кој се појавил на планината со Господ Исус? *(Илија и Мојсеј.)*
4. За што зборувал Исус со Мојсеј и Илија? *(За наближувањето на Неговата смрт во Ерусалим.)*
5. Што правеле учениците пред да Го видат Господ Исус во Неговата слава? *(Тие спиеле.)*
6. Која била реакцијата на Петар? *(Тој рекол: "Господи, убаво ни е да останеме тука. Да направиме три шатори.")*
7. Што Бог Таткото им кажал на учениците за Господ Исус? *("Овој е Мојот Син, Мојот Избраник! Него слушајте Го".)*
8. Што направиле учениците кога Го слушнале Бог да им зборува од небото? *(Паднале на земјата преплашени.)*
9. Кој бил таму кога трите ученици погледнале нагоре? *(Само Господ Исус.)*

10. Кои зборови недостасуваат во овој стих: "Зашто Бог толку го засака светот, . . . та секој кој верува во Него ..., туку да има вечен живот" *(Види во Евангелието според Јован 3:16)*.